**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Економски факултет - Скопје**

Бр. 02-2281/1 Дата 25-11 2025 година

Согласно член 53 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно - стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“во Скопје (Универзитетски гласник бр. 422 од 5.11.2018 година) и одлуките на Наставно-научниот совет и на Деканатската управа, деканот на Економскиот факултет – Скопје, го распишува следниот интерен:

# О Г Л А С

за ангажирање демонстратор на Економскиот факултет - Скопје
во учебната 2025/2026 година

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет - Скопје, распишува оглас за ангажирање на еден демонстратор на Катедрата по маркетинг за учебната 2025/2026 година.

За демонстратор, може да биде избрано лице кое има статус на студент на втор или трет циклус студии од соодветната студиска програма и кое првиот циклус студии го завршило со просечна оценка најмалку 8,00 (осум) и притоа остварил најмалку 240 ЕКТС кредити. Кандидатот за демонстратор треба да има истакнато етичко поведение и однесување, односно на истиот да не му е изречена дисциплинска мерка во текот на студирањето.

Кандидатите ќе можат да се пријават во рамки на овој оглас најдоцна до 1 декември 2025 година, до 15:30 часот. Документите поднесени по овој рок, нема да бидат земени предвид.

Демонстарторит есе ангажираат заради реализирање на вежби. Надоместокот за реализирани вежби изнесува 400 денари во нето износ за еден одржан час.

Заинтересираните кандидати потребно е до архивата на Факултетот, во затворен коверт да ги доставaт следните документи: пријава за учество, уверение за завршен прв циклус студии, копија од индексот или друг документ од кој може да се докаже статусот на студент на втор односно трет циклус студии, како и лична изјава дека не му е изречена дисциплинска мерка во текот на студирањето.

Изборот го врши Наставно-научниот совет.

Со избраните кандидати ќе се склучат договори за нивно ангажирање.

**Д Е К А Н**

**Проф. д-р Мијалче Санта**